„Навредата на муслиманот е грев, а борбата против него е неверство.“

Абдулах ибн Месуд, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: „Навредата на муслиманот е грев, а борбата против него е неверство.“

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, алејхи селам, забранил муслиманот да го пцуе или навредува својот брат муслиман, бидејќи тоа е облик на неморал и непослушност кон Аллах и Неговиот Пратеник, алејхи селам. Тој, исто така, му забранил на муслиманот да се бори против својот брат муслиман, што е чин на куфр-неверување, се мисли на мал куфр.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5333